# ДЕЛЕГИРАНА РЕГУЛАТИВА НА КОМИСИЈАТА (ЕУ) 2021/771

**од 21. јануари 2021. (консолидирана верзија на 11 мај 2021 година)**

**за дополнувањето на Регулативата (ЕУ) 2018/848 на Европскиот парламент и Советот со утврдување на посебни критериуми и услови за проверка на евиденцијата во службените документи во рамките на службените контроли во органското производство и службената контрола на група производители**

**(Текст значаен за ЕГП)**

Член 1.

Проверка на евиденцијата во службените документи

1. Физичка инспекција на терен во согласност со член 38. став 3. од Регулативата (ЕУ) 2018/848 вклучува проверка на следливост и проверка на билансот на масата производители или групи производители коишто се спроведуваат со проверка на евиденциите во службените документи.
2. Надлежното тело или, според потребата, контролното тело или контролната установа спроведуваат проверка на следливост и проверка на билансот на масата во склад со стандардниот шаблон документиран во пишаниот записникu од член 38. став 6. на Регулативата (ЕУ) 2018/848.
3. За потребите за проверка на следливоста и проверка на билансот на масата, изборот на производите, групата производи и периодот кој се проверува се спроведува врз основа на ризикот.
4. Проверката на следливост ги подразбира барем следните елементи со соодветни документи, вклучувајќи ја и евиденцијата на залихи и финасии:
(а) име и адреса на добавувач и, ако се различни, сопственикот, продавачот или извозникот на производите;
(б) име и адреса на примачот и , ако се различни, купецот или увозникот на производите;
(в) сертификат на добавувачот во согласнот со член 35. став 6. од Регулативата (ЕУ) 2018/848;
(г) податоци од точката 2.1.1. од Прилогот III. Од Регулативата (ЕУ) 2018/848;
(д) соодветна идентификациска ознака на серијата.
5. Ако е релевантно, проверката на билансот на масата, ги подразбира барем следните елементи со соодветни документи, вклучувајчи ја евиденцијата на залихите и финасиите:
(а) Природата (видот) и количините на производите кои се доставуваат во едницата и, ако е релевантно, купениот материјал и употребата на таквиот материјал и, ако е релевантно, составот на производот;
(б) Видот и количините на производите кои се чуваат во магацин во работните простории;
(в) Видот и количините на производите кои се преместени од единечен производител или група производители во објектот на примачот или складишните објекти;
(г) во случајот на производителите коишто купуваат и продаваат производ/производи без физички да ракуваат со нив, видот и количината на производите кои се купени и продадени, како и добавувачите и, ако се различни, продавачите или извозниците и купувачите и, ако се различни , и примателите;

(д) приносот на добиените, присобраните и собраните производи во текот на претходната година;
(ѓ) Вистинскиот принос на добиените, присобраните и собраните производи во тековната година;
(е) Број и/или маса на стоката со којашто се управувало во тековната и претходната година;
(ж) Сите загуби, зголемување или намалување на количините на производите во било која фаза од производството, припремата и дистрибуцијата;
(з) органските производи или производите од преодниот период коишто на пазарот се продаваат како неоргански.

Член 2.

Службени контроли на групи производители

1. Поради потврда и проверка на усклaденоста на групите производители, надлежното тело или, по потреба, контролното тело или контролната установа именува инспектори надлежни за оценување на системот на внатрешни контроли (ICS).
2. Заради оценување на структурата, функционирањето и одржувањето на ICS на групите производители, надлежното тело или, по потреба, контролното тело или контролната установа го проверува барем следното:
(а) воведени документирани постапки на ICSво согласност со барањата од Регулативата (ЕУ) 2018/848;
(б) списокот на членови на групите објекти со потребните податоци за секој член континуирано се ажурира и усогласува со опсегот на сертификати;
(в) сите членови на групата производители ги исполнуваат критериумите од член 36. став 1. од точките (а), (б) и (д) од Регулативата (ЕУ) 2018/848 за време на делувањето во групата производители;
(г) бројот, обуката и компетенциите на инспекторите во ICS се сразмерни и соодветни, а инспекторите во ICS немаат судир на интереси;
(д) најмалку еднаш годишно се спроведуваат и документираат внатрешн иинспекции на сите членови на групата производители и нивните активности, како и на производствените единици и простории, вклучувајќи ги и откупните и собирните центри;
(ѓ) новите членови или новите производствени едници и новите активности на постоечките членови, вклучувајќи ги и новите откупни и собирни центри, се одобруваат дури откако ќе ги одобри раководител на ICS врз основа на извештајот за внатрешна инспекција во согласност со воведените документирани постапки на ICS;
(е) Раководителот на ICS презема соодветни мерки во случај на недоследност, вклучувајќи понатамошни мерки, во согласност со воведените документирани постапки на ICS;
(ж) Известувањата на раководителот на ICS до надлежното тело или, по потреба, контролното тело или контролната установа се соодветни и доволни;
(з) Внатешното следење на сите производи и членовите на групите производители се осигурува со процена на количините и вкрстена проверка на приносот на секој член на групата производители;
(s) Членовите на групите производители поминуваат соодветна обука за постапките на ICS и барањата од Регулативата (ЕУ) 2018/848.
3. Надлежното тело или, по потреба, контролното тело или контролната установа бира примерок од членовите на групата производители за спроведување на повторни инспекции врз основа на процена на ризикот во согласност со член 38. став 4. точката (г) од Регулативата

(ЕУ) 2018/848. Притоа ја зема во предвид барем количината и вредноста на производството како и оценката на веројатната неусогласеност со одредбите на Регулативата (ЕУ) 2018/848. Повторни инспекции се спроведуваат физички на терен во присуство на одбраните членови.

4. Надлежното тело или, по потреба, контролното тело или контролната установа одредува разумен рок за спроведување контрола на групите производители, сразмерна на видот, структурата, величината, производите, активностите и економскиот резултат на органското производство на групите производители.

5. Надлежното тело или, по потреба, контролното тело или контролната установа спроведуваат ревизија во присуство на сведоци со цел да се провери стручноста и наеќето на инспекторите на ICS.

6. Надлежното тело или, по потреба, контролното тело или контролната установа врз основа на бројот недоследности коишто инспекторите на ICS не ги откриле, како и резултатите на истрагите за причините и видот на недоследности, оценува дали постои недостаток во ICS.

## Член 3.

## Стапување на сила и примена

Оваа Регулатива стапува на сила дваесеттиот ден од денот на објавата во Службениот весник на Европската Унија.

Се применува од 1 јануари 2022.

Оваа Регулатива во целост е обврзувачка во целост и директно се применува во сите земји членки.